Машински факултет
Број 02-1588/6
16.12.2021 год.
Скопје

Врз основа на член 173 став 1 и член 174 став 1 и 2 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018 и 178/2021), член 69 став 1 точка 8 од Статутот на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), како и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411/2018), во врска со Рефератот за избор на еден соработник во соработничко звање – асистент во научната област Машински системи при Институтот за механика на Машинскиот факултет во Скопје, Наставно-научниот совет на Факултетот, на 19-та редовна седница одржана преку видеоконференциска платформа на 16 декември 2021 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за избор во соработничко звање асистент

М-р Анастасија Игњатовска, дипл.маш.инж., се избира во соработничко звање асистент во научната област 21408 Машински системи во Институтот за механика на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, за време од три години.

Меѓусебните права и обврски и почетокот со работа помеѓу именуваната и Факултетот ќе се уредат со договорот за вработување.

## О б р а з л о ж е н и е

Наставно-научниот совет на Машински факултет во Скопје, на 15 ноември 2021 година, распиша Конкурс за избор во соработничко звање и засновање работен однос, за избор на еден соработник во соработничко звање асистент во научната област 21408 Машински системи во Институтот за механика на Факултетот.

Конкурсот за избор е објавен во дневните весници Вечер и Коха.

На Конкурсот, се пријави м-р Анастасија Игњатовска.

Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на 16 декември 2021 год., изјаснувајќи се по предлогот во Рефератот на Рецензентската комисија, објавен во Билтенот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” - Скопје број 1250 од 1 декември 2021 година, со мнозинство гласови од присутните 46 од вкупно 56 членови на Советот со наставно-научно звање, донесе одлука со која м-р Анастасија Игњатовска ја избра во соработничко звање асистент во научната област 21408 Машински системи во Институтот за механика на Факултетот.

Одлуката да се достави до: именуваната, наставно-научен совет, општа служба - досие, сметководство и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Изготвил: В.Гонтарева Темелковски

Проверил: Н.Алексиќ